*Маргарита ПЕШЕВСКА*

**УДК: 341.218.1(569.4)**

# ЕВРЕЈСКОТО ПРАШАЊЕ И СОЗДАВАЊЕ НА ИЗРАЕЛСКАТА ДРАВА

***Кратка содржина***

*Евреите и еврејското прашање биле одраз на длабоки предрасуди против Евреите, кои не можеле да се надминат и во современиот свет. Омразата кон Евреите, во својата двеилјадна историја е спроведување на политика на дежурен виновник. Со Евреите е поврзан терминот холокауст кое значи целосно „истребување" или „изгорување". По уништувањето на еврејската држава во Палестина, Евреите се населиле по целата територија на Римската империја. Живеејќи во многу земји тие останале затворени како малцинска заедница која се придржувала на својата вера и обичаи. Тие често имале значајна улога во општествениот и стопанскиот живот во повеќе земји во Европа. Тоа било причина за појава на антисемитизмот како борба против Евреите како етничка заедница. Германскиот нацизам го прогласи антисемитизмот за официјална доктрина и државна политика, со цел да се истребат Евреите. Во тоа време се извршени најголеми истребувања на Евреите. Борбата на Евреите за сопствена држава завршува по Втората светска војна кога е создадена еврејската држава.*

***Клучни зборови:*** *ЕВРЕИ, ПАЛЕСТИНА, АНТИСЕМИТИЗАМ, ЦИОНИЗАМ, КОНЦЕНТРАЦИОНИ ЛОГОРИ*

До крајот на XIX век има малку податоци за потеклото на Евреите. Пред сè, податоци има во Библијата за прататкото Аврам кој дошол во ветената земја од вавилонскиот град Ур и се населил во долниот тек на реката Еуфрат. Од археолошките пронајдоци се добиваат и податоци за Евреите. Познати се кралевите Давид кој го создал кралството Јудеја и неговиот син поетот Соломон, познат со својата мудрост кој успеал да го смири регионот и да обезбеди долг мир. Со навлегувањето на Турците во Палестина таа е претворена во турска провинција и покрај отпорот кој го дале Евреите, Арапите и христијанското население населено на оваа територија.

По Крстоносните војни, турското раководење со Палестина било во надлежност на султанот и останува под негова власт до 1919 год.

Во поновата историја прво доселување на Евреите во Палестина било во 1850 година. Првата колонија во Палестина, Петах Тиква-Надежда на Израел, била формирана во 1878 год. од страна на руски Евреи.

Првата идеја за создавање на еврејска држава во Палестина потекнала од средината на XIX век од страна на руските Евреи. Тие живееле во најтешка положба. Царската власт во Русија ги држела Евреите во најголема заостанатост. Меѓу руските Евреи во 70-тите години на XIX век се јавува движењето CHOVEVEI ZION љубители на Цион за решавање на еврејското прашање во Палестина - земјата на дамнешните предци на Евреите.[1] Во ова движење се појавиле две струи и тоа:

1. Политичкиот ционизам кој се залагал ова прашање да се реши политички. Тој се повикувал на историските права на Евреите за населување во Палестина. Главен организатор на оваа струја е рускиот Евреин Лео Пинскер со својата книга „Самоеманципација“ сметал дека Евреите треба да организираат своја држава единствено во Палестина.

2. Практичниот ционизам се залагал веднаш да се почне со населување на Евреите во Палестина. Оваа струја ја застапувале руските Евреи. Овие ставови биле систематизирани од Мозес Хес кој бил германски Евреин. Тој е автор на книгата „Рим и Ерусалим“ и се залагал за формирање колонии во земјата на еврејските предци. Оваа идеја почнала да се остварува со создавање на првата еврејска колонија во Јафа. Во 1909 година се поставени темелите на градот Тел Авив кој е најголем град на Израел.

Австрискиот Евреин Теодор Херцел во книгата „Еврејската држава - обиди за модерно решавање на еврејското прашање“, издадена во 1896 год. појасно ги формулирал идеите на ционизмот. Се залагал за создавање модерна еврејска држава. Тој во книгата истакнува „јас не го следам еврејското прашање како општествено, ниту како верско, без разлика на тоа во каков вид се јавува...тоа е, пред сѐ, национално прашање, кое за да биде решено, бара да биде поставено како политичко прашање од универзално значење, а треба да биде решено во парламентите на цивилизираните народи“.[2]

Херцел потекнувал од богато австриско семејство. Затоа неговите ставови биле поблаги и се разликувале од руските Евреи кои биле подложни на прогони од страна на царската власт. Тој почнал да подготвува сви-

[1] Ционистичкото движење името го добило по брдото Цион во близина на Ерусалим каде што бил дворецот и гробот на царот Давид.

[2] Војмир Шабојиќ, Еврејство и Израел, Скопје 1982, 103.

кување на општ еврејски конгрес. Бил поддржан од група германски интелектуалци и индустријалци.

Во март 1897 година во Лондон била одржана конференција во присуство на австро-унгарски и германски Евреи каде се постигнала согласност за свикување општ еврејски конгрес во истата година. Тогаш по предлог на еден од учесниците (индустријалецот Волфсон) било прифатено еврејското знаме (Давидовата звезда). Било решено движењето да се нарече ционистичко.

Како резултат на залагањето на Херцел во Базел од 28-30 јули 1897 година се одржува еврејски конгрес со присуство на 197 делегати од Германија, Австо-Унгарија, Русија, САД, Британија и др. Тогаш и дефинитивно била формирана ционистичката организација. Била усвоена програма која требало да поттикнува еврејска колонизација во Палестина преку создавање занаетчиски и земјоделски населби.

Ционистичкото движење наишло на отпор ширум светот. Против него се дигнала и целата еврејска синагога која со векови била водач на еврејската дијаспора. Таа стоела на гледиштето дека не се сметаат за посебна нација, туку за религиозна заедница затоа не тежнееле за враќање во Палестина. Исто така и еврејските ортодокси од Европа и САД барале да се спречи движењето. За таа цел бил формиран Агутат-ултра ортодоксна партија која се спротивставила на ционизмот.

Влијателни еврејски личности не го поддржувале и го критикувале ционистичкото движење. На него остро се спротивставиле некои германски рабини кои сметале дека еврејската љубов кон татковината (Германија) им налага на сите Евреи да се тргнат од ционизмот.[3] Дури и приврзаниците на политичкиот ционизам, освен Хес не ја сметале Палестина за единствена алтернатива за создавање на Израелска држава. Постоеле идеи за формирање на држава во Северна Америка. Херцел се залагал за еврејско населување во Европа. Велика Британија во 1903 година предложила територијата на Кенија да биде идна еврејска држава. Овај предлог бил веднаш отфрлен од страна на Евреите од Источна Европа. Во 1936 година британскиот министер Мек Доналд ја предложил територијата на Британска Гвајана за формирање еврејска држава, но и овој предлог бил одбиен.

Велика Британија ставила крај на овој отпор на еврејските заедници ширум светот со донесувањета на Балфуровата декларација на 2 ноември 1917 година со која Велика Британија ќе го поддржува создавањето на национално огниште на еврејскиот народ во Палестина. Но таа водела сметка да не ги навреди Арапите кои ја населувале Палестина и во Декларaци-

---

[3] Војмир Шабојиќ, Op.cit., 102.

јата било додадено дека ништо нема да направи на штета на националните и верските права на нееврејските заедници во Палестина.[4]

Под влијание на Британија се успеало да се внесе оваа Декларација во договорот кој бил потпишан во Севр во 1920 год. и таа можела и практично да се применува кога Велика Британија добила мандат во Палестина. Веднаш потоа почнало забрзано доселување на Евреите во Палестина. Во почетокот односите меѓу арапското и еврејското население биле добри. Но, со јакнењето на ционистичкото движење тие сè повеќе се заладувале, бидејќи ционистите на арапското население не гледале како на рамноправен партнер. Почнале да се јавуваат судири, кои некаде прераснале во бунтови. За да ја смири ситуацијата, Британија формирала еврејски легиони од англиски, американски и од еврејско локално население. Во исто време биле донесени решенија за намалување на квотите на еврејско население кое ја населувало Палестина. Во 1929 година во време на големата економска криза почнало големо населување на Евреите во Палестина. Тоа довело до нови крвави судири кога загинале 135 Евреи и 120 Арапи, а биле ранети 600. Тоа било причина за донесување на Бела книга каде се препорачувало ревизија на неограниченото еврејско населување.

Кога Хитлер дошол на власт во Германија од 1933 година преселувањето пораснало. Во периодот од 1933 до 1936 година од Полска и Германија биле преселени 164.000 Евреи.[5]

До нови судири дошло во 1936 година. За да се утврди ситуацијата во Палестина, британската влада формирала специјална истражна комисија на чело со бившиот комесар за Индија, лородот Тил за да ги испита нередите. Комисијата утврдила дека судирот е голем, па оценила за да се смири ситуацијата да се подели Палестина на арапска и еврејска област под контрола на Британија. Од извештајот на Тил од 1937 се гледа дека еврејската заедница во Палестина со своите изградени апарати израснала во права држава во држава под раководство на еврејската заедница.[6] Британската влада во мај 1939 година во Белата книга објавила дека треба да се формира независна палестинска држава под заедничка управа на Евреите и Арапите. Во оваа држава власта и одговорноста требале да ја делат Арапите и Евреите. Светската ционистичка организација се спротивставила на Белата книга и за таа цел свикала Конференција во Њујорк во 1942 година, каде била усвоена програма со која се барало создавање на еврејска држава во Палестина. Бил отфрлен предлогот за бинационална држава. Еден од

[4] Milovan Milenković i Andro Gabelić, Bliski Istok-kriza i rat. Beograd 1967, 8.
[5] Маргарита Пешевска, Меѓународните односи по Втората светска војна. Скопје 1999, 80.
[6] Војмир Шабојиќ . Op.cit., 134.

водачите на Евреите, Давид Бен Гурион, на Конференцијата истакнал дека се залага за заменување на британскиот мандат, со влада.[7] Во усвоениот документ е зацртана програма за создавање на национален дом во Палестина. Тука и официјално е потврдено дека целта на ционистите е создавање на еврејска држава како официјална политика.

Евреите уште во почетокот на Втората светска војна се вклучиле во борбата против фашизмот и нацизмот. Давид Бен Гурион предложил да се формираат еврејски бригади. Но, Британија во почетокот не се согласила зошто се плашела дека ќе се налутат Палестинците и затоа била на мислење дека тие треба да останат подалеку од оружјето. Но, во септември 1944 година биле формирани бригади на чело со англискиот евреин Енрест Френк Бенџамин. Тие имале голема улога во префрлувањето на Евреите од концентрационите логори во Палестина.

Британија и во текот на војната постојано преселувала Евреи во Палестина, така во 1945 год. Евреите биле 30% од населението на Палестина.

### *Прогоните на Евреите во време на нацистичка Германија*

Хитлер уште во 1922 година изјавил дека ако дојде на власт „уништувањето на Евреите ќе биде моја прва и најважна задача, се додека последниот Евреин не биде уништен за Германија да биде исчистена“.[8] Хитлер ова го остварува по доаѓањето на власт со најрадикален рез во неговата расна политика. Во негово време е отпочната политика на расни прогонувања. На удар не биле само Евреите, туку Словените и Циганите (Ромите). Тоа за првпат се манифестираше во почетокот со Нирнбершките расни закони од 1935 година.

Хитлер веднаш по доаѓањето на власта покрај другите задачи што си ги имал поставено, била и таа да се пресмета со Евреите. За таа цел тој ја организирал „Кристалната ноќ“. Дотогаш нападите на Евреите биле поединечни, но тогаш имало групен напад на Евреите и нивните поседи. Повод за Кристалната ноќ било убиството на германскиот амбасадор во Париз од еден млад Евреин, Хершен Гриспан како реакција на депортирањето на неговите родители. На 9 ноември 1938 година шефот на пропагандата на Третиот Рајх, Гебелс го известил Хитлер дека неговите единици се спремни да им се одмаздат на Евреите. Ноќта почнал нападот на еврејски

---

[7] Milovan Baletić, Povratak Židova u zemju Izraelovu. Zagreb 1988, 283.
[8] Enciklopedija Druge svetovne vojne (1939-1945), Ljubljana 1982.

дуќани, куќи, храмови и нивни убиства.[9] Ноќта била наречена „кристална" по иронија на поетскиот израз „застаклување".[10]

Ова беше почеток за масовно уништување на Евреите. Хитлер оценил уште во почетокот да ја спроведе политиката на истребување во Полска. Уште во првиот ден на нападот на Полска, се почнало издвојување и малтретирање од страна на специјалните СС единици. Не само што биле собирани, туку биле носени и во концентрациони логори. Најголеми логори во Полска се: Аушвиц, Треблинка, Сободор, Мајданпек, Белзец и Челмино.

Од првите денови на војната покрај убивањето на Евреите биле запленувани и еврејските имоти во сите земји кои биле окупирани од Германија. Први на удар биле продавниците, фабриките, банките кои без надомест им биле давани на Германците.

Најпознат концентрационен логор е Аушвиц. Тој е основан на 27 април 1940 година. Командант на логорот бил Рудолф Франц Хес. Ова мало зафрлено место во Источна Полска било избрано затоа што до таму имало железничка пруга која била поврзана со градовите во Европа. Во 1941 година бил основан логорот Аушвиц-Биркенау, а во мај 1942 година Аушвиц 3.

Најголем логор на смртта бил Треблинка. Тој бил замислен како логор за масовни истребувања. На чело бил австриецот Франц Штангле. Првиот транспорт почнал на 24 јули 1942 година. Таму биле ликвидирани Евреите по уништувањето на Варшавското гето. Таму настрадале Евреи од Словачка, Грција, Македонија и др.

Најголем концентрационен логор во Австрија бил Матхаузен кој бил формиран на 8 август 1938 година и постоел до 5 мај 1945 година кога таму пристигнала американската војска. Логорот бил направен во близина на каменолом за да се користи ефтина работна снага за експлоатација на каменот.

Логорот Сободор формиран во едно мало село во Полска е наречен по името на ова мало селце. Таму покрај Евреи имало и советски заробеници. Познат е по голем бунт на затворениците кога биле убиени 11 стражари и дигнат во воздух еден крематориум. Најголем број од жртвите биле Евреи, но таму имало Французи, Холанѓани, Чеси, Словаци и др.

Логорот Челмино бил отворен на 7 декември 1941 година. а е затворен во декември 1943 година, таму покрај Евреи настрадале Роми, Чеси, Совети и други.

---

[9] Се смета дека се срушени 171 домови, 814 продавници, 191 синагоги, убиени 36, а однесени во логор 200.000 Евреи.

[10] Марин Гилберт, Јевреји - историја и религија. Београд 2003.

Прв нацистички концентрационен логор на територијата на Германија е Дахау, во близина на градот Дахау на 16 км. од Минхен. Тој е отворен во март 1933 година.[11] Две третини од затворениците биле политички, а една третина биле Евреи. Овој камп бил ослободен од страна на американските и британските војници. Тие биле потресени од условите на живеење и од третирањето на затворениците.

Мајданпек е концентрационен логор во близина на Лублин во Полска и постоел од 1 октомври 1941 година до 22 јули 1944 година. Тој требало да биде работен логор и покрај тоа имало голем број на убиени, тоа биле, пред сè, полски војници и советски војници. Условите биле многу тешки. Затворениците ги терале да спијат надвор на отворено. Таму нашле своја смрт и 18.000 инвалиди кои биле отруени со гасот Циклон Б.

Меѓу Лублин и Галиција се логорот Белзец каде настрадале, Евреи, Роми и Полјаци. Отворен како работен логор, но од глад премореност исцрпеност и болести таму голем број на затвореници ја нашле својата смрт. Бил отворен во почеток на 1940 година.

Германците во Украина го отвориле логорот Баби Јур во близина на Киев.

Покрај логорите Германците правеле и гета. Тоа биле одредени квартови во градовите кои биле заградувани со бодликава жица. Населението било сосема изолирано без право да контактира со другото население од градот. Од гетата биле депортирани во концентрационите логори. Познати се гетата во: Варшава, Лублин, Миник, Вилно, Рига, Броди, Стиров, Краков и др.

## *Евреите во Македонија во текот на војната*

Евреите во Македонија имале голема улога во економскиот и културниот живот. Тие имале пријателски односи со населението од Македонија во минатото. Во Македонија Евреите почнале да се населуваат во XV век од Шпанија. Шпанските католички кралеви Изабела и Фердинанд одлучиле да ги протераат сите Евреи кои не сакаат да ја примат католичката вера.[12] Повеќе еврејски семејства биле населени во Штип, Скопје, Битола. Најдени се податоци за 38 еврејски семејства во Штип во XVI век.[13] Постојат документи за доселување на Евреите во Скопје. Во нив се наоѓаат

[11] Мартин Гилберт, Историја на Евреите од Европа за време на Втората светска војна. Скопје 2002.

[12] Овие Евреи се наречени Сефариди што е име за Шпанија.

[13] Методија Соколовски, Штип и штипско во XVI век. - Историја год. X-2 (1967).

податоци за начинот на живеење, обичаите, даноците кои ги плаќале, семејните односи. Евреите имале рабини кои ги решавале сите спорови меѓу нив и не им дозволувале да се обраќаат на муслиманските судови.

Евреите во Македонија имале синагоги. Во Битола имало најмногу и тоа: Кал Арагон, Кал Португал, Кал Саламон Леви. Синагогата Португал изгорела во 1917 година. Во Скопје имало две синагоги, кои пострадале во земјотресот од 1963 година.

Веднаш по окупацијата на Македонија почнати се прогоните на Евреите. Биле одземани нивните куќи и дуќани. На некои дуќани биле истакнати натписи за забрана на влез на Евреите. Во 1941 година е донесен Закон за еднократен данок на лицата со еврејско потекло. Од 29 септември 1942 година по наредба на Министерството за народно здравје и за внатрешни работи Евреите требале да носат посебна значка.[14] Комесарството за еврејски прашање во октомври 1942 година донесе Правилник за укинување на еврејските општини во Скопје, Битола и Штип. Бугарската влада водела тајни преговори со Германија за предавање на Евреите од окупираните територии од страна на Бугарија. За собирање на Евреите во Скопје, беше приспособена зградата на Државниот монопол која била во близина на железничката станица, за полесен транспорт на Евреите. Ноќта на 10 и 11 март 1943 година биле блокирани Скопје, Битола и Штип од страна на бугарската полиција и војска. На 11 март почнало собирање на Евреите од нивните домови. На камиони и запрежни коли биле товарени мажи, жени, деца, старци и болни. Се барало од нив да ги земат скапоценостите и им велеле дека ќе ги носат во Бугарија.

Транспортот на Евреите од Македонија бугарските власти го организирале во три етапи. Првиот транспорт тргнал на 22 март, вториот на 25 март и третиот на 29 март 1943 година. Се смета дека се транспортирани 7.122 Евреи од Македонија. Од нив поголем дел се транспортирани во логорот Треблинка, а дел во други логори. Од Треблинка не се вратил ниту еден Евреин од Македонија.

[14] Шестократа звезда на левиот дел од облеката.

## *Еврејското прашање по Втората светска војна*

Катастрофата што ја преживеаја Евреите во текот на Втората светска војна ги зголеми симпатиите во целиот демократски свет кон нив. За таа цел тие почнаа меѓународна кампања за враќање во „ветената земја“. Во војната ционистите виделе надеж дека ќе се остварат нивните идеи за создавање држава. Веднаш по капитулацијата на Германија, Хаим Вајцман, предавач на Манчестерскиот универзитет кој во овој период имал голема улога во Светскиот еврејски конгрес, му испратил писмо на премиерот на Велика Британија, Винстон Черчил во кое барал масовно населување на Евреите во Палестина. Черчил одговорил дека не може да се реши ова прашање без претходна мировна конференција. Следното писмо од Вајцман до Черчил; било со барање слободно да се населуваат Евреите во Палестина пред мировната конференција, бидејќи во логорите имало уште Евреи кои немале каде да се сместат. Винстон Черчил во своите мемоари за Втората светска војна истакнува дека севкупното праќање во Палестина мора да се реши на мировна маса, иако може да се спомне и на Конференцијата во Потсдам. „Не мислам-истакнува Черчил - дека ние би требало да ја преземеме одговорноста за оваа деликатна точка, додека Американците седат на страна и критикуваат. Во секој случај фактот што не покажуваме никаква желба да го задржиме мандатот ќе биде од голема корист. Не гледам дека Велика Британија некогаш би извлекла и најмала корист од таа неблагодарна задача“.[15]

На 21 ноември 1945 година во обвинителниот акт прочитан на Нирнбершкиот процес пишува дека од вкупно 9 милиони и 600.0000 Евреи кои живееле во Европа, под нацизмот, 60% биле убиени, т.е. 5 милиони и 700.000 Евреи во земјите во кои живееле.[16] Судењето на воените злосторници било искористено од некои Евреи за да се создаде атмосфера за добивање на симпатии за нивно населување во Палестина.

Британската влада на својата седница од 14 февруари 1947 година решила да го врати мандатот над Палестина. Истиот ден министерот за надворешни работи на Велика Британија, Ернест Бевин ја известил ООН и светската јавност дека мандантот се префрлува на Организацијата со што палестинското прашање станало меѓународно прашање. Била закажана специјална седница и за претставник на Евреите бил избран Аба Хајел Силвер кој бил еден од највлијателните личности во ционистичкото движење.

На седницата од 8 мај 1947 година било изнесено гледиштето на ционистите за создавање еврејска држава. Овие барање биле поддржани од

---

[15] Винстон Черчил, Други светски рат. Т.VI. Београд 1964.

[16] Војмир Шабојиќ, Op.cit., 161.

многу земји членки на ООН. Наспроти нив Арапите биле ставени во ситуација да се правдаат, со тоа дека тие не се виновни за постапките на нацистите и дека тие нема да го плаќаат нивниот грев. На 15 мај 1947 година бил назначен Специјален комитет при ООН за Палестина, за да го разгледа ова прашање. Осум членови на комитетот се согласиле за поделба на Палестина на две држави и тоа: арапска и еврејска. Три земји членки биле за создавање на една држава врз федерален принцип.

Генералното собрание на ООН на својата редовна седница од 23 септември 1947 ги разгледало предлозите на Специјалниот комитет. На 29 септември 1947 година бил прифатен планот за создавање на две држави и интернационализација на Ерусалим. Арапите не биле задоволни од оваа одлука и почнале да ги напаѓаат еврејските населби и го опколиле Ерусалим. Британија најавила дека на 15 мај 1948 година ќе се повлече од Палестина. На денот на повлекување на последниот британски војник од Палестина од Бен Гурион, била прочитана прокламација за прогласување на еврејската држава, во која се вели „...ние членовите на еврејската заедница во земјата Израел и ционистичкото движење, се собравме овде на денот кога престанува британскиот мандат над земјата Израел, носени со природните и историските права кои ги потврди и Генералното собрание на Обединетите нации, објавуваме дека е воспоставена еврејска држава во земјата Израел која ќе се нарекува Држава Израел“. Прокламацијата е потпишана од Бен Гурион и 37 лидери на ционизмот.[17]

Против создавање на еврејска држава истапиле Египет, Сирија, Трансјорданија, Либан и Ирак. Тие почнале света војна против Израел. Бидејќи ООН решиле да се интернационализира Ерусалим, двете спротивставени страни не ја прифатиле оваа одлука. Тоа било причина за судир меѓу Евреите и Арапите. Тоа е прв Израелско-арапски судир кој завршил со донесување на одлука за прекин на огнот во 1949 година. Преговори за примирје се воделе на Родос кога било потпишано примирје меѓу Израел, Египет, Либан, Јордан и Сирија. По потпишувањето на примирјето Израел добил право да стане член на ООН. Приемот бил извршен на 29 мај 1949 година со што Израел се обврзал да ја почитува Повелбата на ООН. Но, по оваа војна Израел добил ново територијално проширување, а Палестинците биле поделени во три држави: 250.000 во Израел, 350.000 во Газа, 900.000 во Египет, еден милион во Цисјорданија.[18] Дел од Палестинците биле протерани во Либија, Сирија и други арапски земји.

Израел по прогласувањето на државата почнал брз економски развој. Особено државата економски зајакнала кога во 1953 година Бундеста-

---

[17] Milovan Baletić, Op.cit., 343.

[18] Територија под меѓународна управа.

гот на Сојузна Република Германија, донесе закон за компензација за државата и поединците за штетите на Евреите направени во време на Хитлер. За 12 години добиле 712 милиони долари.[19] Бројот на населението брзо растел. Арапите биле во тешка положба, им биле одземани имотите, било контролирано нивното движење, им било одземано државјанството и биле третирани како граѓани од втор ред.

Создавањето на Израелската држава довело до судир меѓу еврејската и арапската заедница. Во конфликтот голема улога одигра и надворешниот фактор т.е. големите сили чии интереси се вкрстија на оваа значајна стратегиска територија на Блискиот Исток. Околу израелската граница беа изградени логори на палестински бегалци. ООН на 2 декември 1948 година изгласа резолуција за право на бегалците за репатријација. Но, Арапите своето незадоволство го покажуваа со формирање вооружени групи кои вршеле постојани напади врз израелската држава.

[19] Источна Германија одбила да плаќа компензации под изговор дека таму нацизмот е искоренет и нема потреба да исплаќа оштетувања. Исто така, таа одбила одговорност за она што се случи со Евреите и другите народи до 1945 година. По 1990 година политиката се измени.

### *Литература*


Голберг Џ., Јевреји - историја и религија. Београд 2003;

Енциклопедија Друге световне војне (1939-1945) Љубљана. 1982;

Китановиќ Бранко, Рат на Западу. Београд 1987;

Нолте Ернест, Фашизам у својој епохи. Београд;

Ортаковски Владимир, Блискоисточниот конфликт и палестинското прашање. Скопје 1988;

Садикарио Самуел и Николов Владимир, Антисемитизам. Скопје 1998;

Пешевска Маргарита, Меѓународните односи по Втората светска војна. Скопје 1999;

Пешевска Маргарита, Светот во транзиција. Скопје 2002;

Синадиновски Бранислав, Палестинското национално прашање и Блискоисточната криза. Скопје 1988;

Синадиновски Владимир, Јасер Арафат. Скопје 1992;

Скопските евреи. Скопје 2002;

Шабоиќ Војмир, Јеврејство и Израел. Скопје 1982 .

*Margarita PESHEVSKA*

# JEWISH QUESTION AND THE CREATION OF THE ISRAELI STATE

***Abstract***

*Jews and Jewish questions were a reflection of deep prejudices against Jews, which cannot be overcome even in the modern world. The hatred of Jews in the two-thousand history is carrying out the policy of the villain of the piece. Along with the Jews the term holocaust appears which means fully "extermination" or "burning". After the destruction of the Jewish state in Palestine, the Jews settled throughout the territory of the Roman Empire. Living in many countries, they remained closed as a minority community which adhered to their faith and customs. They had a significant role in the social and economic life in many countries in Europe. That was the cause of the anti-Semitism as a struggle against the Jews as an ethnic community. The German Nazism declared anti-Semitism as official doctrine and state policy in order to exterminate the Jews. At that period the biggest exterminations of Jews were done. The struggle of the Jews for own country ended after the Second World War, when the Jewish state was created.*

***Key words:*** *JEWS, PALESTINE, ANTI-SEMITISM, ZIONISM, CONCENTRATION CAMPS*